РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 24-12-2021
Број: 41-560/1

( Образец ПП……)

**До: Општина Битола**
***(имател на информацијата)***

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** со адреса на живеење на ул. 7000 Битола, телефонски број и електронска адреса

*(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)*

Врз основа на **член 4** и **член 12** од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** (Службен весник на Република Македонија, број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали Општина Битола располага со фонд, средства и/или слична ставка во општинскиот буџет преку кој се овозможува финансиска поддршка за бизнис идеји/иницијативи од граѓани и правни лица со цел локален економски развој?
2. Доколку Општина Битола обезбедува финансиска поддршка за бизнис идеји/иницијативи на граѓани и правни лица поврзани со локалниот економски развој, барам да ми биде доставено:
   a. Процедура за аплицирање за финансиска поддршка од Општина Битола за бизнис идеји/иницијативи од граѓани и правни лица;
   b. Правила и критериуми за поднесување на барања за финансиска поддршка на бизнис идеји/иницијативи од граѓани и правни лица за локален економски развој;
   c. Минимален и максимален износ на средства кои Општина Битола може да ги додели како финансиска поддршка.

*(опис на информацијата која се бара)*

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

*(се наведува бараниот начин, со заокружување)*

Архивски знак: 4105
Рок на чување: 3 год.
20.01.2022 година

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 22.12.2021 година** ___________________________

*(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)*

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

**До** **Бр. 41-560/2**

**Зора Симјановска** **24.12.2021**

**Раководител на одделение за економски развој**

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 41-560/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

ЗС
24.12.21

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 30.12.2021
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
41-560/3

Сл. 40 – 165/2
30.12.2021 г.

До

Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Предмет:
Доставување на писмено известување по барање 41-560/2 од 24.12.2021 г.

По однос на точка 1 од Барањето, општина Битола располага со средства во Програмата за економски развој за 2022 г. во висина од 1.000.000,00 денари, каде се овозможува аплицирање на граѓани и правни лица за приоритетна област локален и економски развој (Програма за ЕР за 2022 во прилог).

По однос на точка 2 од Барањето, Ви ја доставувам информацијата од Сектор за правно-нормативни, административни и општи работи во врска со процедурата, правилата и критериумите и износот кој може да се додели како финансиска поддршка.

Помошник раководител на сектор

Дејан Додовски – соработник ЕР

Владимир Костурски

# ПРИЛОГ 2 2022 г.

| Ред бр | Шифра | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | ИЗНОС | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **464990** | **ДРУГИ ТРАНСФЕРИ** | **10.593.587,00** | |
| 2 | | **Кофинансирање** | | |
| | | | | |
| | | Кофинансирање на CBC-MK-GR-Greenmobility | 3.000.000,00 | |
| | | Кофинансирање на CBC-MK-GR-Benefit | 1.000.000,00 | |
| | | Кофинансирање на проект: Знаење, заштита и истражување на стари урбани јадра во РСМ и АЛ (РФ/АЛ/МК) | 500.000,00 | |
| | | Кофинансирање проект СМАРТ КУЛ ТУР-аванс за поврат на средства од МЛС | 2.920.000,00 | |
| | | Кофинансирање проект Reload | 460.000,00 | |
| 3 | | Учество на ОБ во проекти | **2.000.000,00** | |
| 4 | | ЦППР | **713.587,00** | |
| | | | **10.593.587,00** | |
| 5 | **426990 Г1** | **Други оперативни трошоци** | **500.000,00** | |
| | | Работа и активности за стратегија на ЕР | 500.000,00 | |
| 6 | **426120Г1** | **Членарина за** | **763.080,00** | |
| | | ЗЕЛС | 763.080,00 | |
| 8 | **3Г трансфер** | **Еднократна помош до здруженија на граѓани** | **1.000.000,00** | |
| | | **СЕ вкупно** | **12.856.667,00** | |

**Раководител на ЕР одд**
**м-р Зора Симјановска**

02.12.2021

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-9/1
30.12.2021 год.
Б и т о л а

До

- Одделение за економски развој -
- Дејан Додовски -

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваше барање бр.40-165/1 од 24.12.2021 година**

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап на информации од јавен карактер од од Битола, под Бр.41-560/1 од 24.12.2021год., Ве известуваме дека Општина Битола располага со посебна ставка во општинскиот Буџет преку кој се овозможува финансиска поддршка на Здруженија на граѓани/фондации.

Исто така Ве известуваме дека Во рамките на своите програмски активности Комисијата за финансии и буџет при Советот на општина Битола врз основа на член 9 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола („Сл.Гласник на општина Битола бр.15/08 и 12/09) и Методологијата за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.05/16), објавува:

- **ЈАВЕН ПОВИК за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации**

Распределбата на средствата за здруженијата/фондации од Буџетот на општина Битола се врши преку грантови за проекти во приоритетни области и цели кои се однесуваат на:

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

-локален и економски развој,
-образование,
-култура,
-техниката,
-наука,
-здравство,
-спорт,
-екологија и
-други области.

Критериумите за аплицирање на здруженијата се делат на:
- Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите и тоа:
-Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16) и
-Да имаат седиште во општина Битола

-Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите, рангирани со бодови и тоа:

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1.Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 20 |
| 2.Релевантност на акцијата/проектот со приоритетната област (анализа на проблемот, актуелност, целна група) | 30 |
| 3.Опис на акцијата/проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4.Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост) | 15 |
| 5.Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 15 |
| Максимум бодови | 100 |

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови

Висината на финансиските средства кои можат да се добијат за поединечен проект на здружение/фондација изнесуваат најмногу до 50.000 денари.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на **ул.** **Битола** поднесено на **24.12.2021 година**, имателот на информацијата [назив на имателот на информацијата] го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1. Дали Општина Битола располага со фонд, средства и/или слична ставка во општинскиот буџет преку кој се овозможува финансиска поддршка за бизнис идеји/иницијативи од граѓани и правни лица со цел локален економски развој?
2. Доколку Општина Битола обезбедува финансиска поддршка за бизнис идеји/иницијативи на граѓани и правни лица поврзани со локалниот економски развој, барам да ми биде доставено:
    a. Процедура за аплицирање за финансиска поддршка од Општина Битола за бизнис идеји/иницијативи од граѓани и правни лица;
    b. Правила и критериуми за поднесување на барања за финансиска поддршка на бизнис идеји/иницијативи од граѓани и правни лица за локален економски развој;
    c. Минимален и максимален износ на средства кои Општина Битола може да ги додели како финансиска поддршка.

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на **ул.** **Битола**, имателот на информацијата **Општина Битола**

**Ви ја доставува информацијата:**

Одговори на прашањата под број 1 и 2 содржани во допис бр.41-560/3 од 30.12.2021 од сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологиија и одделение за правно – нормативни и општи работи.

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.41-560/1 од 24.12.2021

2. Допис до Одделение за економски развој бр.41-560/2 од 24.12.2021

3. Одговор од одделение за економски развој бр.41-560/3 од 30.12.2021

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 31.12.2021 година, под бр. 41-560/4.

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА